Г-дин Петрушевски и членовите на Советот со едноминутно молчење изразија длабоко сочувство за загинатите лица во тешката сообраќајна несреќа која се случи пред два дена на автопатот Скопје – Тетово.

Г- дин Фиданоски го изрази неговото најдлабоко сочувство за големата трагедија што се случи и однесе голем број на жртви. Истовремено изрази и голема огорченост за повеќе манифестации за говор на омраза што се појавија во јавноста и низ социјалните мрежи, некои отворени, некои перфидно, а поврзани со овој случај. Посочи дека не доликува како општество таквите облици и појави на говор на омраза да бидат толерирани и очекува дека задолжените институции ќе реагираат по него. Рече дека уште еднаш сака јавно од седницата да искаже протест поради таквите појави на говор на омраза.

**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 7-та седница**
**на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 15.02.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Арменд Гаши од ТВ 21, Михајло Донев од Слободен печат и Фиљана Кока од МТВ.

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 7 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека како единствена точка ќе се разгледува Предлог-записникот од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2019 година, кој беше одложен поради технички причини.

**Точка 1**

Советот едногласно го усвои предложениот Записник од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.02.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Бр. 02-651/4**
**21.02. 2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**